Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 03-910/2
06.03. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ број 101/2019), Националната установа Национална опера и балет како имател на информации, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, од подносителот на барањето [redacted] заведено кај имателот на информации под архивски број 03-910/1 од 04.03.2024 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. Се овозможува пристап до информации од јавен карактер, по доставено Барање од [redacted]
2. Имателот на информации располага со бараните информации Записници од Управен одбор за 2023 година.
3. На барателот ќе му се овозможи запознавање со содржината на информациите, согласно начинот назначен во барањето. Бараните информации, ќе му се доставаат на барателот во физичка форма, од причина што во барањето не е наведена електронска адреса на барателот.

## Образложение

До Националната установа Национална опера и балет како имател на информации од јавен карактер, е поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted] со кое се бараат Записници од Управен одбор за 2023 година.

Постапувајќи по барањето, утврдено е дека имателот, Национална опера и балет, располага со бараните информации - Записници од седници на Управниот одбор за 2023 година, и тоа: 60-та седница на 16.01.2023, 61-ва седница на 13.02.2023, 62-ра седница на 27.02.2023, 63-та седница на 06.04.2023, 64-та седница на 02.05.2023, 65-та седница на 12.05.2023, 66-та седница на 22.06.2023 и 23.06.2023, 67-ма седница на 19.07.2023, 68-ма седница на 16.10.2023, 69-та седница на 31.10.2023, 70-та седница на 09.11.2023, 71-ва седница на 28.11.2023, 72-ра седница на 05.12.2023 и 73-та седница 27.12.2023 година.

На барателот ќе му се овозможи запознавање со содржината на информациите, согласно начинот назначен во барањето. Бараните информации ќе се доставаат до барателот во физичка форма, односно нема да се доставаат на е-маил, со оглед на тоа што барателот не ја навел електронската адреса.

Барањето е во согласност со законот, а информацијата има јавен карактер, поради што врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доставено до:

- Службено лице
- Архива
- Подносителот

Службено лице за посредување со информации
Офелија Џорлева

Директор
м-р Васо Ристов